20101543176

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), и член 58-а од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 111/2000, 4/2001, 71/2001, 23/2002, 55/2004, 30/2006, 26/2007, 59/2008, 64/2008, 128/2008, 164/2008, 7/2009, 22/2009, 73/2009, 116/2009, 139/2009, 140/2009, 9/2010, 13/2010, 44/2010, 81/2010, 105/2010 и 02-15186/3), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 21.10.2010 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНА ЦЕНА ЗА ХЕМОДИЈАЛИЗЕН ТРЕТМАН КАЈ ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА

Член 1

Во одлуката за утврдување на референтна цена за хемодијализен третман кај хронична бубрежна инсуфициенција („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2009), по членот 2 се додава член 2-а кој гласи:

„Член 2-а

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ја плаќа здравствената услуга ацетатна дијализа во домашни услови по цена од 2.400,00 денари.“

Член 2

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ по добивањето на согласност од министерот за здравство, а влегува во сила со денот на влегување во сила на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување број 02 - 15186/3 донесен на 21.10.2010 година.

Бр. 02-15186/14
21 октомври 2010 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Ирфан Хоџа, с.р.